СТРУМИЦА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-4199/1
10-06-2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на членови во Организациониот одбор на струмичкиот карневал

**Опис на јавниот повик**
Општина Струмица, со цел да ги стимулира жителите на Општина Струмица активно да се вклучат во планирање, организација и реализација на активностите во рамки на Струмичкиот карневал го распишува овој јавен повик за избор на членови на Организациониот одбор на струмичкиот карневал

**Право на учество на Јавниот повик**
Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на Општина Струмица, кои ги исполнуваат условите од овој Јавен повик.
Почесните членови на Организациониот одбор на струмичкиот карневал, како и членови на Советот на општина Струмица немаат право на учество на Јавниот повик.

**Услови што треба да ги исполни кандидатот**
Кандидатот треба да ги исполни следниве услови:
- да е жител на Општина Струмица,
- да има искуство во организација на јавни и културни настани или претходно учество на некои од претходните изданија на Струмичкиот карневал

**Начин на пријавување на Јавниот повик**
Од потенцијалните кандидати се бара да достават
- предлог програма за реализација на Струмичкиот карневал
- мотивационо писмо
- кратка биографија

Потенцијалните кандидати потребно е комплетната документација да ја достават во затворен плик до Општина Струмица, преку Архивата на Општина Струмица, ул. Сандо Масев бр 1, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот. На пликот треба да е наведено “Јавен повик за избор на членови во Организациониот одбор на струмичкиот карневал “ со назнака НЕ ОТВАРАЈ.

Рок за пријавување на Јавниот повик е 14 дена од денот на објавување на повикот.

**Начин на спроведување на Јавниот повик**
За спроведување на Јавниот повик Општина Струмица формира Комисија за спроведување на Јавен повик за избор на членови во Организациониот одбор на струмичкиот карневал.

**Начин на избор на членови**
Градоначалникот на Општина Струмица врз основа на предлогот на комисијата носи Решение за избор на 17 членови во Организациониот одбор на струмичкиот карневал, од кои 10 членови ќе се изберат од пријавените кандидати од јавниот повик, а останатите 7 ќе бидат назначени од институциите инволвирани во организација на Струмичкиот карневал (СВР Струмица, НУЦК Антон Панов – Струмица, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј- Струмица, Црвен Крст – Струмица, ОМУ Боро Џони – Струмица и Општина Струмица) со мандат од 4 години. Од редовите на избраните членови на Организациониот одбор на струмичкиот карневал, ќе биде избран еден член кој ќе ја врши функцијата Претседател на Организациониот одбор на струмичкиот карневал.

Градоначалник на
Општина Струмица
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА